По повод јубилејот „**25 години МЦМС**“, екипа од деветмина соработници го претставуваше МЦМС на овогодинешниот Виз Ер Скопски маратон.



Александра Савевска, Борис Ристовски, Борче Јакимовски, Валентина Атанасовска, Гонце Јаковлеска, Горан Стаматоски, Моника Божиновска, Симона Трајковска и Фанија Ивановска беа дел од 10-те илјади спортисти и рекреативци кои ги наполнија скопските улици со својот спортски дух и ентузијазам.

По пауза од неколку години, ова е четврти пат тим на МЦМС да трча на Скопскиот маратон. За прв пат вработените си ги одмерија силите во 2011 година, па во 2012 и потоа во

2014
година.

Екипата што учествува на Скопскиот маратон расте со се поголемото омасовување на манифестацијата. Се надеваме така ќе биде и догодина.